ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 – 1454/2
Прилеп 27.08 2025 год.

Врз основа на член 393 став 1 од Законот за трговските друштва и член 50 став 6 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на Седница одржана на ден 27.08.2025г. ја донесе следната:

# ОДЛУКА
За избор на верификациона комисија

Член 1

За членови на верификационата комисија на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп се избираат:

1.Петар Ристески
2.Александра Колчакоска
3.Сашо Ѓорѓиоски

Член 2

Задача на верификационата комисија е да го утврди вкупниот број на акции со право на глас присутни на седницата на акционери согласно книгата на акционери издадена од ЦДХВ како и да го утврди кворумот потребен за работа на Собранието на акционери за донесување на полноважни одлуки.

Член 3

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување

**Образложение**

Согласно член 393 став 1 од Законот за трговските друштва и член 50 став 6 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, Собранието избира комисија од 3 члена за спроведување на тајно гласање доколку е потребно и други физички лица (бројач на гласови).

Претседавач на
Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" Прилеп АД-Прилеп со П.О.

Доставено до:
Претседавач на Собрание на акционери
Именуваните
Архива

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 1454/3
Прилеп 27.08 2025 год.

Врз основа на член 400 став 1 од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на Седница одржана на ден 27.08.2025г. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За избор на бројач на гласови**

Член 1
За бројач на гласови за оваа Седница се избира лицето Горанчо Лазовски.

Член 2
Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Согласно член 400 став 1 од Законот за трговските друштва ако со законот и со статутот поинаку не е определено, а собранието самото не определи посебен начин на гласање или тајно гласање, начинот на гласањето го определува претседавачот со собранието. За броењето на гласовите собранието избира најмалку еден бројач на гласови .

Претседавач
на Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

-----------------------------

"Тутунски комбинат" Прилеп 7 АД-Прилеп со П.О.

Доставено до:
Претседавач на Собрание на акционери
Именуваниот
Правен референт
Архива

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-1454/4
Прилеп 27.08 2025 год.

Врз основа на член 395 став 2 и став 3 од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на Седница одржана на ден 27.08.2025г. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

За избор на Претседавач на Собрание на акционери

Член 1

За претседавач на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп се избира Зоран Трајкоски.

Член 2

Мандатот на претседавачот на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп трае до изборот на претседавач на наредното Собрание на акционери коешто треба да биде одржано

**Образложение**

Согласно член 395 став 2 и став 3 од Законот за трговските друштва, Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание. Мандатот на претседавачот со собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание коешто треба да биде одржано.

Претседавач
на Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

---------------------------

„Тутунски Комбинат" Прилеп АД-Прилеп со П.О.

Доставено до:
Претседавач на Собрание на акционери
Правен референт
Архива